**20090200413**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2009 година.

Бр. 07-1007/1
12 февруари 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Член 1

Во Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија” број 16/2004, 128/2006, 63/2007 и 88/2008), во членот 14 став 4 бројот „ставот 2“ се заменува со бројот „ставот 3”.

Член 2

Во членот 24 ставови 1, 2 и 3 по зборот „алкохолни” се додаваат зборовите: „и енергетски”.

Член 3

Во членот 56 став 1 точка 13 по зборот „алкохолни” се додаваат зборовите: „и енергетски”.

Член 4

Во членот 57-а став 3 по зборот „алкохолни” се додаваат зборовите: „и енергетски”.

Член 5

Обврската од членот 14 став 1 на овој закон за користење на фискален систем на готовински плаќања ќе се применува по денот на пристапувањето на Република Македонија во членството на Европската унија, освен за корисниците на продажните места кои се регистрирани како трговски друштва.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.